РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5891/2
30-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-5891/1 од 20.12.2023 година, поднесена против службени лица од Општина ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-5891/1 од 20.12.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 20.12.2023 година, поднесена е пријава против службени лица од Општина ------------ и оформен е предмет број 12-5891/1 од 20.12.2023 година.

Во пријавата се изнесуваат наводи, како што наведува подносителот, за злосторничко здружување, односно злоупотреба на службените овластувања од страна на градоначалникот на општината, раководителот на секторот за урбанизам и административен дел од секторот, како и градежниот инспектор од една страна и група на инвеститори од друга страна, а во врска со изградба на станбено деловни објекти без одобренија, со делумни одобренија, легализирање на истите иако се изградени после донесување на законското решение за легализација на диво изградени објекти а со цел за остварување на профит. Согласно наводите од пријавата, како инвеститори се јавуваат физички лица кои вршат изградба и продажба на станови без да поседуваат фирми кои се регистрирани за дејностите, градежните објекти се градени без градежна дозвола, со делумна градежна дозвола со доградба на истите и во габарит и во висина спротивно на градежната дозвола со нивно подоцнежно легализирање и запишување во катастарските книги спротивно на закон со заобиколување на даночниот систем на штета на буџетот и граѓаните.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни и јасни наводи за начинот на кој е сторена злоупотреба на службената положба или овластување од страна на службени лица, односно се изнесуваат општи наводи за поголем број на градби, а воедно нема можност да се обезбедат дополнителни информации за конкретизирање на наводите од пријавата имајќи предвид дека пријавата е анонимна.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk